**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 06.11.2020

| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
|---|---|---|---|
| 10 | 4127 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен

2. **Субјект на надзорот:** Вториот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2)

3. **Период опфатен со надзорот:** 15 октомври 2020 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 6 ноември 2020 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите)

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 11 септември 2020 година, за непочитување на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за преземање мерка – јавна опомена (Уп1 бр. 03-316 од 11 септември 2020 година) на Вториот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2).*

   *Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот во рок од 15 дена од денот на приемот на решението (11.09.2020 година) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз Вториот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2), емитуван на 15 октомври 2020 година, на државно ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост**

**постапил по решението за изрекување мерка јавна опомена, односно ја отстранил извршената повреда на член 64 став 1** од **Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница).

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***